# МИСИОНСКИ
## СТИХОВИ

Евангелски активности
на верниците






ТРЕТО ТРИМЕСЕЧЈЕ 2024

*Сабота, 6 јули 2024*

## Што треба, а што не треба да се прави во меѓучовечките односи?

Еве неколку практични совети кои ќе ви помогнат во односите со луѓето околу тоа што треба а што не треба да се прави.

- Треба да се смееме, не нè чини ништо, а сепак е пријатно.

- Не треба да ги игнорираме луѓето, дури и кога не ни се разговара; бидете пријатни кога некој ќе каже „Здраво!“. Не е во прашање како вие самите се чувствувате, туку каква слика создавате за себе.

- Направете луѓето да се чувствуваат важни. Секоја личност нека се чувствува посебно во твоето присуство.

- Не треба да се фалиме. Никој не сака личност која е полна со себе. Бидете искрена и скромна личност. Многу е подобро за твоите успеси и можности луѓето да дознаат од другите, а не од тебе.

- Треба да се има смисла за хумор. Смеј се и луѓето ќе се смеат со тебе.

- Не треба секогаш да се зборуваш за сопствените проблеми; наскоро ќе се најдеш сам ако продолжиш така. Сите ние имаме проблеми и ни е потребна помош; биди внимателен кога бараш помош.

- Треба да се охрабруваат луѓето. Кажи им што ти се допаѓа кај нив и што е тоа што го прават добро. Охрабрувањето е гориво кое го придвижува моторот на црквата.

- Не треба да се критикуваат луѓето вклучувајќи се и самиот себе. Постои разлика меѓу понизноста и самопонижувачкиот став.

- Треба да се има интерес за повеќе работи. Биди личност која се интересира за другите и другите тогаш ќе бидат заинтересирани за тебе.

- Не треба да го земаш најдоброто за тебе, најголемото и највисокото; дај им го на другите најдоброто.

- Треба да се запознаваш со непознати луѓе, иако можеби тоа може да биде малку потешко. Можеш да стекнеш нови пријатели на таков начин што ќе бидеш пријателски настроен кон нив.

- Не треба да му се потсмеваш на некој кој прави грешка. Биди прв кој ќе и пријде на таквата личност и ќе ја охрабри.

- Треба да им помогнеш на другите кога имаат проблем и сподели го со нив она што можеш да го споделиш. Ние треба да бидеме луѓе кои другите ги опсипуваат со внимание.

- Не треба да имаш незгоден карактер или да бидеш личност која постојано бара кавга. Самоконтролата е многу подобра од темпераментот.

- Секогаш треба да изгледаш чисто, уредно и дотерано. Бенџамин Френклин еднаш рекол: „Чистотата оди веднаш зад побожноста".

- Треба да бидеш личност од доверба. Ако некој нешто ти каже, тогаш тоа задржи го за себе. Никогаш нема да се развиеш во прекрасна личност ако озборуваш.

- Не треба да бидеш премногу студен. Таквите луѓе никогаш не се популарни; тие се премногу ладни!

- Треба да слушаш и да пружаш охрабрување. Слушањето е прекрасен плод на Духот кој на сите ни е потребен. Тоа зборува дека се грижиш за другите и дека и тие се важни во твојот живот.

- Научи да ги помниш имињата. Тоа покажува дека другите ти се битни. Најубавиот звук кај него или неа е личното име.

- Секогаш кажувај благодарам. Заблагодарувај им се на луѓето.

***Биди автентичен***. Твојот карактер нека го поприми Божјиот карактер за да можат плодовите на Духот да се покажат преку тебе. Размислувај за плодовите на Духот (А плодот на Духот е: „љубовта, радоста, мирот, трпението, љубезноста, добрината, верноста, кротоста, самоконтролата; нема закон против вакви

нешта. А оние кои се Христови го распнаа своето тело со нивните страсти и похоти. Ако живееме во Духот, нека и да Го следиме Духот!“ (Галатите 5,22-25) и спроведувај ги во својот живот. Залагај се за животот во согласност со Божјата намера. Клучна работа во подобрувањето на твоите односи ќе биде времето кое го поминуваш работејќи на унапредувањето на својот духовен живот. Со тоа се развива христоликиот животен стил на кој сите ние сме повикани.

*Сабота, 13 јули 2024*

**Силно семејство и мисионската работа (прв дел)**

На секој верник семејството треба да му биде од непроценлива вредност. Промашувањето во семејството, доведува до промашување во службата. Ако не можете да живеете среќно со својот брачен другар и децата, како ќе ги советувате другите луѓе? Најмногу време и енергија треба да се вложи во зачувување на здравиот семеен живот.

Сите ние треба да настојуваме да го зајакнеме своето семејство. Како и во секој меѓучовечки однос, луѓето мораат да се трудат за да успеат. Секој член на семејството има улога во зајакнувањето на семејството. Во период од десет години испитувани се повеќе од 3000 семејства ширум светот, и утврдени се 6 карактеристики на едно силно и среќно семејство:

***1. Тие се посветени едни на други.*** Оние кои сакаат единство во семејството, мораат да го стават семејството пред своите лични потреби и желби. Нивната најголема желба треба да биде решеноста да останат заедно. Членовите на силното семејството се посветени на заемна благосостојба и среќа. Тие го ценат единството на семејството.

***2. Тие се ценат едни со други.*** Силното и среќно семејство изразува голема благодарност и за големите и за малите работи.

Зборот БЛАГОДАРАМ е како најубава музика во таквиот дом.

***3. Тие добро комуницираат***. Здравите односи се изградени на добра комуникација. Без неа нема ни добри односи. Имаме 10.080 минути во една седмица. Од тоа, просечна двојка во разговор поминува помалку од 30 минути седмично. Што ни зборува тоа за нашите меѓусебни односи? Силните семејства имаат добра вештина на комуникација и поминуваат многу време во разговор едни со други.

***4. Тие го поминуваат времето заедно.*** Заедништвото би требало да биде приоритет во семејството. Постојат многу работи кои можат да се направат заедно за да се зголеми чувството на семејното единство.

***5. Тие се флексибилни.*** Проблемите го рушат слабото семејство, а силните семејства ги зацврстуваат. Силните семејствата се штитат и си помагаат едни на други во тешките моменти. Тоа е многу поинаку отколку во семејствата кои меѓусебно се обвинуваат кога ќе ги снајде некоја несреќа. Силните семејства во стресот и кризата гледаат можност за раст.

***6. Тие се исполнети со духовно добродетелство.*** Здравите семејства го вклучуваат Бога во својот секојдневен живот. Тие се одговорни едни кон други за своите постапки. Силните семејства имаат чувство за поголема благосостојба на другиот и за присутноста на Божја сила во својот живот. Духовниот живот ним им е поважен од личното удобство. Тие издвојуваат време да се сретнат со Бога преку проучување на Бибијата, размислување и меѓусебно споделување на духовните врености.

Запомнете, силното семејство не е имуно на проблемите. И тие се соочуваат со потешкотии како и другите семејства – болести, невработеност, автомобилски несреќи, катастрофи, смрт, и со секаков друг проблем познат за човекот. Но, силните семејства, и покрај овие предизвици, се држат цврсто за она што го кажува Господ, и тоа им дава сигурност и стабилност.

*Сабота, 20 јули 2024*

**Силното семејство и мисионската работа (втор дел)**

Без силно семејство, нашето влијание на добро, многу се ограничува. Меѓутоа, нема силно семејство без заедно поминато време. Како да го поминуваме времето заедно?

- *Јадете заедно*. Проповедничкото семејство би требало да ужива во моментите на заедништво кога сите се собрани околу масата. Многу е тажно кога членовите на семејството јадат во различно време и сами.

- *Поминете некоја вечер заедно*. Кога ќе испланирате една вечер да поминете заедно со своето семејство, тоа е обврска, исто како што е и некој важен работен состанок. Без тоа е невозможно да растете заедно.

- *Одете во црква заедно*. Треба да создадеме навика заедно со своето семејство да одиме во црква. Со други зборови, членовите на семејството не одат во црква во различно време. Ние заедно се подготвуваме за во црква, им помагаме на помалите да се облечат и тргнуваме малку порано за да можеме да уживаме на патот до црквата. Тоа можат да бидат скапоцени моменти.

- *Земете еден слободен ден во текот на работната седмица*. Важно е да се препознае дека е многу битно семејството да поминува време заедно, како што е битен било кој важен состанок. Ова може да претставува предизвик ако луѓето не го ценат нашето семејно време.

- *Одете на годишен одмор заедно*. Испланирајте пријатен одмор за своето семејство. Испланирајте го тоа на време. Потсетете ги децата уште колку време има до одморот. Еден од најдобрите начини да го направите своето семејство среќно е заедно да се радувате на идните настани.

- *Имајте заедничка семејно богослужение*. Можеби за едно семејство во современото општество е многу тешко да го орга-

низира ова време, но вложете напори. Распредот честопати е пренатрупан и има толку многу различни активности кои го раздвојуваат семејството. Ако тоа не можете да го направите наутро, тогаш задолжително одвојте време за богослужение навечер. Тоа се мигови кога децата учат од возрасните за Бога, учат да ги споделуваат своите размислувања во врска со Библијата и верата. Квалитетно поминатото време со семејството е мошне важно, и тоа мора да се негува и грижливо да се чува.

*Сабота, 27 јули 2024*

**Посетување на пријателите и верниците**

За да ја изразиме грижата и љубовта кон луѓето, мораме да одиме таму каде тие се наоѓаат: да ги посетиме во домот, ако имаме можности за тоа. Мораме да го оставиме настрана својот пренатрупан распоред и оправдувања, мораме луѓето да ги поставиме како приоритет ако сериозно сакаме да ги доведеме кај Христа. Треба редовно да ги посетуваме пријателите, а и членовите, особено кога се во неволја. Еве неколку причини зошто посетите во нашите редови стануваат сè попроретчени:

***Видлив недостаток на време***. Имаме премногу обрски, но Библијата нè учи дека за сè постои време. (Проповедник 3,1-8). Ако постои време за сè, сигурно дека постои време и за посети. Посетите сметајте ги за суштински дел во својата христијанска служба. Ако посетите ви бидат приоритет, тогаш времето нема да ви биде проблем.

Изговорот немам време е многу слаб. Треба подобро да управуваме со своето време за да можеме редовно да ги посетуваме луѓето. Ако мислиш дека немаш време за посети, тогаш би требало да си ги промениш и преуредиш приоритетите. Нашите посети мораат да бидат испланирани. Посетувањето со посебна цел, би требало да биде над некои помалку важни обврски.

Ако верниците редовно се посетуваат едни со други, тоа во нашата црква ќе внесе живот и воодушевување, и ќе ја сочува од стагнирање и служење самата на себе. Бидете флексибилни кога правите соодветна стратегија за посети во својата заедница. Тоа секогаш не е лесно, но наградата е вечност.

***Сложеноста на животот***. Еден член на црквата вака го објаснил своето подолго отсуствување од црквата. „Кога само би знаеле колку сум презафатен во својот живот, ќе сфатите зошто не доаѓав во црква. Одам на работа наутро, попладне одам на училиште, а домашната задача ја работам дури навечер“. Повеќето луѓе трчаат од еден состанок на друг, од работа до дома, од градинка до останатите семејни обврски. Дали воопшто наоѓаат време да седнат и да се опуштат? Или, дали имаат време за семејна вечера или за вежбање? Понекогаш, членовите на црквата немаат време ни да го примат проповедникот во посета. Како резултат на сложениот живот на членовите на црквата, денес посетите се засноваат само на потребите. Многумина сметаат дека единствената причина да се посети некој е поединец или семејство е или да се помогне во неволја, или во случај на болест или смрт. Кога нема проблеми, тоа често значи дека нема ни посети.

*Сабота, 3 август 2024*

## Заблуди за посетувањето

Понекогаш посетите на пријателите и верниците се запоставуваат и поради негативното искуство, но, тоа обично се случува поради одредени заблуди. Постојат две посебни заблуди, како причина за тоа:

***1. Посетата е неефиксно користење на времето***. Со толку работи за кои мораме да се грижиме, можеме да чувствуваме

дека времето кое е потрошено на посета на еден верник и не е толку корисно во споредба со времето поминато со цела група. Ова не мора да биде точно. Бидејќи најефикасниот метод на службата е токму одвојување на време само за една личност. „Ова е чиста и неизвалкана побожност пред Бога и Таткото: да бидат посетувани сираците и вдовиците во нивните неволји, и самиот да се пази себеси непорочен од светот“ (Јаков 1,27).

Постојат поединци врзани за домот, на кои им е неопходна редовна посета. И луѓето со лични и семејни проблеми треба да се посетат. Потребите се бројни, а работници има многу малку. И повторно, посетата не е ограничена само на пасторот, но секако дека и тој мора да најде време за тоа. Неговата љубов кон членовите се гледа во тоа што тој ќе најде време за нив.

***2. Многу е тешко да се испланираат посетите***. Кога нешто не сакате да го направите тогаш наоѓате и начин тоа да го избегнете. Тоа на многу верници им е изговор зошто не одат во посета. Овие изговори ја опфаќаат нивната претпоставка дека никој нема да најдат дома, потоа дека времето е премногу ладно или топло итн.

***3. Сите се зафатени.*** Можеби ќе биде тешко редовно да се одвојува време да посетиме други, но и тоа не е невозможно. Посетите ја подобруваат службата и здравјето на црквата. Наградата за посетите ќе го надмине предизвикот.

Посетите покажуваат дека ние сме свесни за потребите на членовите на црквата, дека ги цениме и дека се грижиме за нив. Кога сето тоа ефикасно се остварува, тоа претставува корисно средство во помагањето на верниците. Кога ги посетуваме луѓето, со тоа им покажуваме дека се грижиме за нив.

*Сабота, 10 август 2024*

## Посетата како израз на љубов

Ако ја погледнеме Исусовата служба, ќе видиме дека божествениот Пастир ги посетувал луѓето таму каде што живееле. Тој престојувал во домот на Марија, Марта и Лазар. Тој ја посетил и куќата на Петар, а исто така поучувал и во онаа куќа каде што бил направен отвор на кровот низ кој бил спуштен парализираниот човек за Исус да го излечи. Со посетувањето имаме неверојатна можност да се поврземе со семејствата.

На луѓето им е потребен личен допир, личен контакт со некој кој се грижи за нив. Сите сме заинтересирани за духовната состојба на црквата, но многумина размислуваат само за одредени групи, а не за поединците.

Оние кои ја анализираат нашата култура и деловниот свет, ја нагласуваат вредноста на личниот контакт. Џон Најсбит, во својата книга *Мегатрендови*, вели дека во општеството на висока технологија луѓето копнеат по допир. Успешниот менаџмент и раководење можат да се остварат само преку личниот контакт, преку личниот допир со луѓето.

Преку службата за посети, луѓето покажуваат лично интересирање какво што и Исус го имал. И во нашето време на висока технологија и брз начин на живот, на луѓето им е потребен човечки допир. Со посетата се покажува заинтересираност за луѓето и за разговор. За да биде црквата ефикасна во својата мисија, членовите мораат да се приближат едни на други.

Посетите треба да се сметаат како пренесување на Божјата љубов спрема другите луѓе: „Посетата дејствува како отелотворување: Речта стана тело, и се настани меѓу нас“. Ти можеш да бидеш продолжение на Христа за нив, и иако несовршен, можеш да бидеш израз на Божјата љубов.

Посетувањето е основен дел на службата љубов. „Кога луѓето ќе видат дека ги сакате, без да се преправате, тогаш ќе слушаат

се??? што ќе им го кажете, и ќе го носат она што ќе го ставите на нив“.

Само тогаш кога ќе му се приближиш на човечкото срце, можеш да разбереш и да дознаеш како чука.

Преку проповедта ги негувате луѓето и го искажувате духовниот авторитет, но кога сте во посета, тогаш ги допирате нивните срца. Елена Вајт вели: „Кога проповедникот ќе ја изнесе Божјата Реч од проповедалницата, неговата работа само што започнала. Тогаш нему му претстои и лична работа. Тој треба да ги посети луѓето во нивните куќи, да разговара со нив срдечно и понизно. Постојат семејства до кои никогаш нема да може да допре, освен ако повреницитe на неговата благодат не влезат во нивниот дом и не ги упатат на повозвишен пат“ (Gospel Workers, 187).

Бог ги сака своите овци. Кога одиме во посета, ние ја покажуваме Божјата грижа за Неговиот народ.

*Сабота, 17 август 2024*

## Посетите придонесуваат за верна служба

Како без посетување да се воспостави блискост и вистинско заедништво кое го унапредува почитувањето и одговорноста во црквата и мисионската работа? Како тие посети влијаат на подобрување на службата?

***Проповедањето се збогатува.*** Многумина што проповедаат од говорница, поминуваат многу време во проучување на Речта за да се подготват за проповедта. Но, за да ја направиме таа проповед уште поважна и позначајна, неопходно е да одвоиме време за запознавање со членовите на црквата.

Овие посети ни даваат увид во прашањата што ги мачат луѓето и на проблемите со кои се соочуваат. Често, во овие

посети мораме да се позанимаваме со проблемите или предизвиците со кои нашите членови се борат. Тоа може да биде криза во бракот, невработеност или образованието на нивните деца. Во многу куќи имаме болни членови и членови кои се на умирање. Посетите исто така ни овозможуваат подобро да ги запознаеме нивните духовни потреби. Секоја посета е можност да се добијат свежи идеи како да им помогнеме, и со тоа ја збогатуваме нашата проповед.

Со грижата за луѓето, нашата проповед ќе стане оригинална, жива, интересна. Таа грижа ќе ни помогне да ја сфатиме човечката природа – желбите наспроти потребите, пороците наспроти доблестите, книгите наспроти секојдневното искуство. Како можеш да ја развиеш твојата проповед ако не знаеш каде духовно се наоѓа твојот народ? Проповедите ќе бидат посилни поради тоа што ги познаваме луѓето и нивните духовни потреби. Ако не го посетуваме стадото, не ја знаеме неговата состојба, не знаеме кои вистини да му ги изнесуваме, ниту што е примерено на нивниот случај.

***Врските стануваат посилни***. Што се добива од посетите на верниците? Дали станува збор едноставно за извршување на должноста? Или можеби имаме некоја лична корист од тие посети? Посетите ја зацврстуваат врската меѓу верниците. Бидејќи односите се од животна важност во христијанската служба, овие посети овозможуваат и верниците подобро да се запознаат меѓу себе. Довербата и наклонетоста, исто така, се стекнуваат преку овие посети.

***Се спречуваат кризи***. Благодарение на постојаните посети, често пати можеме да ја откриеме кризата која се појавува. Може да биде некое недоразбирање, гнев или очај кој тлее под површината. Често пати, во текот на подолг период на лична служба, може да ѝ се помогне на некоја личност да се собере и да го реши проблемот. Посетите можат да спречат и отпадништво, несогласување или ерес меѓу членовите на црквата.

***Се стекнува и самопотврда во службата***. Ефикасните посети на проповедникот му даваат чувство на исполнетост. Службата вклучува многу нематеријални богатства. Честопати успехот или неуспехот се мерат според еден болен коментар на некој верник кој незадоволен излегол од саботната богослужба. Повеќето пастори би можеле да користат редовна доза на задоволство и самопотврда. Посетите можат да го обезбедат тоа. Впрочем, токму во тие посети ја гледаме смислата на својата служба. Ние ги посетуваме луѓето во нивните домови, се смееме и плачеме заедно, гледаме што прави Бог во нивниот живот и им помагаме да растат во Божја љубов.

На овој извонредно значаен дел од нашата служба многумина ширум светот, секој седмица му посветуват многу време. Ние поучуваме со благост. Ние пружаме доверба. Ние нудиме молитва. Ние го одржуваме семејството заедно. Ние ги тешиме луѓето кога жалат по умрените. Ние се радуваме со радосните. Со толку многу зборови, а особено со своето присуство, ние на овој безличен свет на мас-медиуми му пренесуваме дека Бог се грижи за поединците, за секој посебно, од ден во ден.

**Посетеноста на црквата расте.** За жал, посетеноста на црквата во многу земји опаѓа. Која и да е причината, несебичната христијанска служба може да ја подобри ситуацијата. Преубаво е да се гледаат резултатите од нашата посета. Луѓето што не доаѓале во црква, почнуваат да доаѓаат и одновно да се посветуваат и предаваат себеси на Бога. Честопати се случува по посетата на семејствата, тие веднаш да се појават на следното богослужение, без оглед на тоа колку долго не доаѓале. И дарувањето во црквата исто така се зголемува кога верниците активно меѓусебно се посетуваат. Врз основа на моето искуство, посетените членови повеќе ја помагаат финансиски црквата, за разлика од другите.

*Сабота, 24 август 2024 година*

## Подготовка за посета на верниците и пријателите

Ако сакаме посетата на верниците или на пријателите да има смисла, ние мораме да се подготвиме. Пред сѐ, овие посети искористете ги како духовен инвентар на вашиот личен живот. Преиспитајте го својот меѓусебен однос со Бога и со другите. Одредете ја вашата духовна состојба. Самоиспитувањето ќе ви помогне во вашиот духовен живот и да зајакнете во борбата против искушенијата и моралните проблеми.

Второ, помолете се неколку минути за себе и за семејството што ќе го посетите. Секој ден нека ви биде цел да живеете живот проникнат со молитва. Кога ќе се разбудите. Започнете го денот со молитва. Во текот на денот одвојте неколку минути за да му се заблагодарите на Бога за Неговата помош. Молете се за дарот на љубовта. Молете се за тоа да бидете што послични на Христа. Молете се да бидете исполнети со Светиот Дух. Молете се да бидете добри слушатели. Молете се за мудрост и проникливост. Молете се за храброст. Молете се за дарот на благодатта. Никогаш не би требало да тргнете некаде додека не се помолите за Неговата мудрост и духовна заштита.

Молитвата е вашата најмоќна алатка. Бог сака да ве зајакне со мудрост, проникливост, трпение и самоконтрола. Барајте од Бога водство и проштавање. Тој знае за вашите борби и ограничувања. Тој е секогаш тука за вас. Тој секогаш ќе ве слуша. Разговарајќи со Бога во молитва, вие Му станувате сѐ поблиски.

Иако имаме премногу обврски, треба да одвоиме време да ги посетуваме пријателите и верниците и тие посети да ги направиме поквалитетни. И покрај сите можни потешкотии, посетата може да биде прекрасно искуство во службата.

*Сабота, 31 август 2024*

## Приоритети во посетувањето

Кога планирате посети, многу е важно да си поставите приоритети. Постојат најмалку шест групи луѓе на кои им е потребна посета.

***1. Болни***. Посебна христијанска одговорност и предност е да одиме во посета на оние кои се болни. Во физички тешките моменти, луѓето се двојно благословени кога ќе ги посетиме.

2. ***Постарите***. Би требало да најдеме време да ги посетиме постарите членови на црквата кои не се во состојба да дојдат на богослужение, кои се во своите куќи или во домовите за стари лица. Овие луѓе можеби се чувствуваат како заборавени од целиот свет. На нив ќе им биде многу важно тоа што на овој начин ќе ја одржуваат врската со црквата.

***3. Новите членови***. Некои членови имаат голема потреба некој да ги насочува во нивниот духовен раст. Можеби ќе бидат потребни почести посети на овие верници за тие да станат вистински ученици. Времето што ќе го поминете со нив, не е изгубено.

***4. Пријатели на црквата***. Кога на богослужение ќе дојдат луѓе кои не се членови на црквата, секако посетата треба да им се возврати – доколку тоа е човечки остварливо. Одете во нивните домови. По можност, со себе поведете уште еден член на црквата. Со неколку зборови заблагодарете им се што дошле во црква и повикајте ги повторно да дојдат.

***5. Семејни посети***. Ништо повеќе нема да ни помогне да ги разбереме своите членовите на својата црква од посетата во нивните домови. Тоа ни овозможува од прва рака да ги видиме потребите и притисоците со кои се соочуваат. Ние мораме да бидеме подготвени да одиме во посети без оглед на цената. Посетувајте ги колку што е можно почесто, и бидеме внимател-

ни да не покажувате повеќе наклонетост на една фамилија, отколку што пружате на друга.

***6. Членови кои не доаѓаат во црква.*** Ова ги вклучува сите оние кои од која било причина не доаѓаат редовно во црква. Овие посети им покажуваат дека се грижиме за нив и дека можеме да ги охрабриме да се вратат.

Посетите понекогаш се исцрпувачки и одземаат време, но нивниот резултат е непроценлив.

*Сабота, 7 септември 2024*

**Неколку совети во врска со посетите**

***1. Направете план за посета.*** Црквата треба да направи таков план на посети за да се посети секој член и секое семејство на црквата. Членовите на црквата треба да знаат дека таквите посети се ценат. Дозволете самите личности кои ги посетувате да го одберат времето и денот на посета. Кажете им дека не треба да подготвуваат храна или да поминуваат часови во чистење на куќата само поради вас. Нагласете им дека сакате да ги запознаете во нивното вообичаено опкружување.

***2. Посетувајте ги верниците во соседството.*** Тоа ќе ви заштеди и време и пари. И ќе направи вашиот ден и таа седмица да бидат продуктивни.

***3. Избегнувајте да одете сами.*** Никогаш не посетувајте личност од спротивен пол сами. Тоа лошо ќе се одрази на вашата репутација. Повикајте го својот брачен другар или некој друг верник да дојде со вас. Ова прашање, всушност е и етичко: за жал, многу проповедници ја изгубиле својата работа затоа што не ги почитувале или затоа што ги занемариле овие мерки на претпазливост.

***4. Секогаш имајте план Б.*** Кога не е можно да се отиде во посета, и телефонскиот повик може да биде ефикасен и смислен,

без оглед на тоа дали се јавувате затоа што сте загрижени поради нешто или само сакате не некого да му посакате пријатен ден. Краткиот разговор може да заврши и со молитва.

***5. Посетите нека бидат кратки***. Секогаш е подобро луѓето да зборуваат дека вашата посета била кратка, а не предолга. Обидете се посетите да не бидат подолги од 30 минути.

***6. Донесете нешто.*** Секогаш кога сте во можност, дајте им нешто. Тоа може да биде честитка, балон, цвет, слика, последниот црковен билтен или каква било друга ситница. А тој подарок, било да е мал или голем, ќе им го разведри духот и ќе им остави сеќавање за вашата посета. Тоа не би требало да биде скап подарок. Ова не мора задолжително да го правите, но едноставно претставува убав гест. И ако немате што да дадете, сеедно, одете во посета. Вашата присутност е позначајна од вашиот подарок.

***7. Бидете ледокршачи***. Пред сѐе, покажете интересирање за случувањата во животот на своите верници. На вас, како проповедник, на прво место ви е духовната благосостојба на вашето стадо. Но би требало да покажете интересирање и за другите области од нивниот живот. Слушајте за нивните одмори, работи, училишта и пријатели. Обично ваквиот разговор овозможува да се пробие мразот и е многу полесно да се започнат духовни теми. Една стара изрека вели дека на луѓето не им е толку важно колку знаеш, колку дали колку тие ти значат и колку се грижиш за нив.

*Сабота, 14 септември 2024*

**Како Библијата може да помогне при посетата?**

Посетата без читање на Писмото е непотполна? Носете ја својата Библија и зборувајте дека тоа е книга која го зазема централниот дел на вашиот живот и служба.

Одберете неколку библиски текстови кои ќе бидат погодни за таа посета. Никогаш во потполност нема да ги знаете околностите на оние кои ги посетувате, сѐ додека не проговорите. Обработете стихови кои се однесуваат на потребите на конкретната личност. Божјите ветувања се сигурни, и вашата посета може да им помогне да пронајдат сила во Божјата Реч. Кога ја користите Библијата во посетите, вие всушност зборувате дека ја цените Божјата Реч и верувате во Неговата моќ.

**Како Библијата може да ви помогне за време на посетите**? Библијата ни помага да ги упатиме верниците во многу подрачја од животот. Овде ќе изнесеме неколку причини зошто Библијата треба да се чита за време на посетите.

**Таа учи за Божјата волја. Бог нѐ создал за да живееме духовен живот**. Но, за да можеме да живееме така, мораме прво да научиме што Тој бара од нас. Ние сакаме верниците да ги прегрнат Божјите желби за нивниот живот. Пред да им дадеме некој совет, треба да ги упатиме да ја истражуваат Божјата Реч и нивното внимание да го насочиме на библиските принципи за секојдневниот живот.

Додека зборувате за овие библиски принципи, верниците можеби ќе бидат изненадени кога ќе сфатат дека Бог поставува високи мерила пред нив, но дека во исто време им обезбедил начин за да бидат свети и праведни преку Исуса. Охрабрете ги да научат како Бог им дава сила во нивните слабости, и како им дава мир во нивниот немир.

**Таа дава Божји упатства**. Читањето на Писмото за време на посетите ни помага во изнесувањето на Божјиот план за Неговиот народ. Додека заедно проучуваме, ние одново ја откриваме безвременоста на Библијата. Библијата е значајна за ова време, како што била и во минатото. Често ни се случува, додека поминуваме низ извесни потешкотии во животот, да наидуваме на текстови од Библијата кои како да се напишани за нас.

Библијата ги менува нашите мисли и така ни го покажува патот во нашиот живот. Додека ја читаме Божјата Реч, нашите

приоритети се менуваат. Ние откриваме нови насоки во кои Господ сака да одиме.

***Таа дава утеха во време на неволји***. Библијата може да ни биде голема утеха. Многумина од нас поминале низ мрачен период во животот, и нашле утеха во Псалмот 23,4 - „Ако тргнам и низ долината на смртната сенка, нема да се уплашам од злото, зашто Ти си со мене. Твојот жезал и Твојата палка ме утешуваат." Додека ги читаме овие зборови, ја чувствуваме Божјата присутност среде очајот. Секогаш пронаоѓаме утеха во Библијата во моменти на болест, немир и збунетост. Божјата Реч нè смирува. Господ преку Неа ни ветува радост, мир и богат живот. Со тоа што ја читаме неговата Реч, ние ја потврдуваме нашата потреба за Неговото водство. Никогаш немојте да заборавите да ја понесете својата Библија кога одите во посета, за да можете и вие и тие да имате благослови.

*Сабота, 21 септември 2024*

**Биди внимателен слушател за време на посетите**

Многу важна работа кога одите во посета на верниците или пријателите е да бидете добар и внимателен слушател. Некогаш ќе погодиме што мислат верниците, но ако сме мудри и чувствителни, на верниците ќе им дадеме можност тоа и да го искажат.

Главно луѓето повеќе сакаат да зборуваат, отколку да слушаат. Веројатно ни кај нас не е поинаку. Што е тоа што нè прави лоши слушатели? Прво, никој нас не нè учел како да слушаме. Во училиштата нè учеа како да зборуваме, да читаме и да пишуваме, но нема курсеви како подобро да слушаме.

Дејл Карнеги, во својата книга Како да стекнеме пријатели и да влијаеме на луѓето, вели: „*Биди добар слушател. Охрабри ги*

*другите да зборуваат за себе*". Со тоа што ќе ги сослушаш, ќе откриеш многу интересни работи за луѓето. Не можеш да зборуваш и да слушаш во исто време. Стариот грчки филозоф Диоген убаво рекол: „Ние имаме две уши но само еден јазик, за да можеме повеќе да слушаме а помалку да зборуваме".

Многу луѓе имаат очајнички потреби. Но, како ќе знаеме да им помогнеме ако не ги сослушаме? Што внесува вистинското слушање во меѓусебниот однос?

***Почитување***. Слушањето покажува почит спрема другите. Ако те почитувам, јас внимателно ќе слушам што имаш да кажеш. Слушањето покажува дека сум заинтересиран за твоето мислење. Тоа значи дека ти како личност ме интересираш.

***Отвореност***. Слушањето е знак на отвореност за нечие гледиште. Кога си отворен за она што луѓето го кажуваат, и тие се отвораат. Со тоа што ќе бидете отворени за мислењето на другите луѓе, се чини дека тие ќе се чувствуваат безбедно во самоизразувањето, а постои поголема веројатност и тие да бидат поотворени.

***Присутност***. Слушањето значи дека сте потполно присутни. Вие не слушате ако вашиот ум е на некое друго место. Слушањето бара трпение. Слушањето не значи задолжително молчење. Бидете активен слушател и покажи дека си вклучен со тоа што ќе поставиш неколку прашања или ќе замолиш личноста да ти повтори нешто што не си разбрал. Да се биде добар слушател е вежба за изградба на карактерот. Наградата е еднаква на трудот. Успешноста на секој однос може да се мери со способноста на слушање од двете страни. Честопати се сосредоточуваме на способноста на говорот, верувајќи дека добриот говор овозможува квалитетна комуникација. Но, способноста на слушање е исто така битна компонента во успешната комуникација.

*Сабота, 28 септември 2024*

## Посетите и молитвата

Во посетите мора да се остави место за молитва. Молитвата дава посебна димензија. Таа ја покажува нашата зависност од Бога и дозволува Неговото присуство да ја менува атмосферата на домот.

Кога се молиме за другите, се добива заеднички благослов. Бог ги слуша нашите молитви и разбира дека ние им го посакуваме најдоброто на оние за кои се молиме. Ако се молиме за некој кој е болен или ако се молиме за осамените на кои им е потребна нега, тоа исто така го менува согледувањето на сопствените проблеми. Молитвите нѐ опкружуваат со благослови, а ги опкружуваат и оние за кои се молиме.

Речиси секој ден се наоѓам во ситуација да се молам за некој. Молитвата за другите не е секогаш лесна. Еве неколку основни чекори кои можат да дополнат вашата молитва за време на посетите.

***Запознајте ја личноста***. Одвојте некој момент за да ја запознаете личноста за којашто се молите. Со ова постигнувате две важни работи. Прво, ви помага да знаете како да се молите за таа личност. Второ, таа личност ќе се чувствува многу покомотно во вашето друштво.

***Немојте да претпоставувате***. Забележав дека е најдобро личноста да се праша за што би сакала Бог да ѝ помогне. Што тие би сакале да спомнам во молитвата? Секако, тие можат да се молат за самите себе, но нема да се чувствуваат слободни тоа да го направат. Со тоа што ќе ги прашаме што сакаме Бог да направи за нив, ситуацијата ќе стане многу појасна и молитвата ќе биде лична и ќе има смисла.

***Допрете ја личноста***. Ако постои можност, ставете ја својата рака на личноста за која се молите. Тоа нема да создаде некој

вид посебен однос или силна размена во молитвеното искуство. Меѓутоа, ќе создаде поличен и поинтимен контекст за молитва. Грижливата рака на рамото на личноста за која се молите ќе направи таа да се чувствува попријатно. Но бидете внимателни да нема непријатни допири, осеобено кога е во прашање личност од спротивен пол.

***Молете се од срце***. Молете се најискрено и од срце. Запомнете, вие му се обраќате на Бога, а не на личноста на која ѝ служите. Елена Вајт вели „молитвата би требало да биде дел од секоја семејна посета. Никогаш немојте да влезете во некое семејство или да излезете од тоа семејство, а да не сте го повикале да се помоли со вас“ (Pastoral Ministry p.230).

Молитвата може да се упати во кои било околности. Но во присуство на други таа создава силни врски. Размената на искуства ги зближува луѓето.

Градиво за саботна школа

Мисионски стихови
3/2024

Излегува тримесечно:

Издава:
Одделение за саботна школа
Христијанска адвентистичка
црква во Р. Македонија

Подготвил: Мелита Томовска

Одговара: Томе Трајков

За интерна употреба